НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 139. Дата: 20. 08. 2012.**

# Пирова победа

Често пати употребуваме фрази и изреки, за да нагласиме некоја вистина, без притоа да го знаеме нивното вистинско потекло т.е. како и од каде настанале.
Некои од нив се фразите „мечкина услуга" или „Пирова победа", а најчесто ги употребуваме кога гледаме дека некој што се обидува да направи услуга, или да постигне нешто, прави поголема штета отколку добивка.



Фразата „мечкина услуга" настанала преку една приказна за човекот и мечката. Наводно, тие биле пријатели и еден ден додека заедно се шетале низ шумата, човекот се изморил и прилегнал на тревата и заспал. Додека спиел, на носот му слетала оса. Мечката ја забележала осата и сакајќи да го заштити пријателот, зграпчила еден голем камен и ја смачкала осата, но со неа и главата на човекот. Токму затоа, кога некој ќе ти понуди помош, а притоа имаш поголема штета отколку добивка, за таква помош велиме дека е „мечкина услуга".

Слично значење има и фразата „Пирова победа". Таа се користи за луѓето кои вложиле повеќе отколку што добиле, па на крај нивната добивка се претвора во загуба.



Жално,но оваа фраза е поврзана со вистински настан. Таа се однесува на Пир Епирски, кралот на Молосијците, Епир и Македонија, чија војска била речиси уништена при неговата победа над римјаните за време на Пировата војна во Хераклеја во 280 п.н.е. и Аскул во 279 п.н.е.. Во извештајот на историчарот Дионисиј Халикарнаски, напишан по завршетокот на второспоменатава војна, пишува за огромната загуба на кралот Пир;

*„Војските се разделија; и, беше речено, дека на некој кој се радувал на неговата победа, Пир му одговорил ' **уште една ваква победа сосема ќе ме дотолчи'**. Тој изгубил голем дел од неговата војска што ја донел, а и речиси сите особени пријатели и војсководци; немало кој друг да се регрутира.."*

Така, иако Пир победил, цената за неговата победа била преголема.

И во Библијата постои една приказна, чија што поука е многу слична на гореспоменатите фрази. Приказната зборува за човек кој толку многу бил занесен во трупање на богатство и желбата да има повеќе, што го занемарил своето заедништо со Бог. На крај го добил тоа што го сакал; имал амбари полни со жито, ама залудно. Заслепен од материјалното, од себичноста и алчноста, неговиот живот завршил, без да си го промени своето срце, без да се покае за своите гревови, без да се помири со Бог. Добил се (од материјална гледна точка), ама ја загубил својата душа. Навистина „Пирова победа".

Гревот ти нуди многу слатки услуги, но не заборавај тоа се „мечкини услуги" кои ќе ти се вратат како камен по глава. Гревот ти нуди уживања и победи во овој свет, по нечесен и неморален начин, но тоа е „Пирова победа" која ќе треба да ја платиш со твојата душа.
Во една прилика Исус ја даде следнава изјава: *„Зашто, каква полза ќе има човек, ако го придобие целиот свет, а на својата душа и напакости?" (Матеј16:26)*

**Адреса: „Ново Срце", П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**